# ОСВРТИ

Јордан ИЛИОСКИ

## АКТУЕЛНИ ПРОБЛЕМИ ВО МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА И НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

- Научен собир одржан во Радовиш од 6 до 8 јуни 1996 г. -

Сојузот на друштвата на историчарите на Р. Македонија го организира научниот собир "Актуелни проблеми во македонската историографија и наставата по историја".

Рефератите подготвени за Собирот се разгледуваа во три сесии кои се одржаа на 7 и 8 јуни.

Собирот го отвори претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на Р. Македонија, м-р Катерина Наумоска, поздравувајќи ги присутните гости и учесници на Собирот. Собирот го поздравија и му посакаа успешна и плодна работа: Министерот за образование и физичка култура д-р Софија Тодорова, Претседателот на општина Радовиш, заменик директорот на Педагошкиот завод на Р. Македонија Станка Славенска и д-р Стојан Киселиноски од ИНИ.

Во продолжение се премина кон читање на воведните реферати кои третираа проблеми од македонската историографија, како и проблеми сврзани со наставата по историја.

Д-р Иван Катарџиев во рефератот под наслов "Актуелни пробеми во македонската историографија, се осврна на "Актуелните проблеми на македонската историографија". Истите ги третира од методолошки, научен, образовен и материјално-кадровски карактер. Авторот укажува дека македонската историографија објективно се наоѓала под висок притисок на политиката. Притоа, историското минато на македонскиот народ било еднострано третирано со препотенцирање на поблиското минато. Катарџиев го изнесе мислењето дека постарото историско минато е ставено на маргините, а е пренагласена улогата на комунистите. Авторот согледува и особено висока застапеност на методски единици од историјата на другите народи на Југославија, на штета на историското и културното минато на македонскиот народ,.

Љубомир Трајковки во рефератот "Актуелни проблеми во наставата по историја" ја истакна потребата од осовременување на наставата по историја со општосветските стандарди и нејзината улога во воспитно-образовниот процес, а не да се намалува фондот на часовите и истата да се доведе до маргините од воспитно-образовиот систем.

Д-р Блаже Ристовски акцентот го става на “Националната компонента во нашата историографија и во воспитно-образовниот систем”. Тој се задржува на проучувањето на античката историја на Македонија, истакнува дека истата треба да се проучува како составен дел од историското минато на Македонија и Македонците, без претензии дека таму треба да се бара нашето потекло. За кирилометодиевската проблематика важно е истата да се проучува посеопфатно, врз основа на сите можни расположливи извори, додека за XIII и XIV век важно е да се проучува создавањето на кралската династија со центар во Прилеп, независно од Српското Царство. Особено важно за историографијата и наставно-образовнот процес е сознанието за македонскиот национален развиток, почнувајќи од XIX век, па сè до АСНОМ, со потенцирање на улогата на Македонската колонија во Петроград и нејзиниот идеен деец Д. Чуповски, како и улогата на Шарло и Ченто во афирмацијата на македонската културно-национално мисла во теоријата и практиката.

Д-р Стојан Киселиновски во рефератот под наслов “Македонската историографија и историската вистина” се залага за историска вистинитост во македонската историографија укажувајќи меѓу другото на потребата од поголема објективизација и аналитичност како во историографијата така и во учебниците по историја.

Д-р Марјан Димитријевски во рефератот “Најновите сознанија во македонската историографија за прашањето на Втората светска војна и нивната примена во наставата по историја” се залага за критичко преиспитување на бројни прашања од македонската историографија кои се однесуват на споменатиот период, како врз основа на новите сознанија од документите, така и со реалните состојби по распаѓањето на СФРЈ и создавањето на самостојни држави при што одредени постулати врз кои почиваше историографијата гледано од повеќе аспекти не важат.

Д-р Александар Трајановски настапи со рефератот “Македонската историографија во современите текови” во неа укажува на иницијативи и на нивното реализирање за поголема застапеност на наставата по историја во основните, средните училишта и на факултетите, како и на осовременување на учебниците и други наставни помагала. Во однос на состојбите во историографијата потенцира дека по осамостојувањето на Македонија како суверена држава се појавија трудови, написи од бројни автори, професионални историчари кои осветлија или отворија пат за расветлување на бројни празнини од нашето културно-историско минато. Во однос на перспективите на македонската историографија авторот се залага за доверба во постигнувањата на досегашната историографија и надградба, додека државата треба да обезбеди подобра материјална награда на историчарите и професорите, финансиска поддршка за објавување на монографски трудови, зборници и списанија со што македонска-

та историографија во чекор ќе ги следи останатите балкански и европски историорафии.

Реферати беа поднесени и од: д-р Алесксандар Апостолов на тема “Дилеми и проблеми во Македонскатата историографија”, д-р Ванчо Стојчев “Некои проблеми од методологијата на воената историја”, од м-р Васил Јотевски “Националната припадност на учениците во Пирин во учебната 1947/48 година”, од Ташко Мамуровски “Застапеноста на личностите од делот на Македонија под Грција во македонската историографија и во наставата од периодот на НОБ и Граѓанската војна”.

Во дискусијата беа покренати проблеми и дадени мошне конкретни и значајни прдлози за разрешување на тие проблеми.

Собирот ги проследи и рефератите на: д-р Јован Донев “Wie es eigentlich gewessen”или “Детските болести” на македонската историографија и својот реферат го темели врз основа на рефератот под наслов “Најновите архивски истражувања и нивната примена во македонскатата историографија и во учебниците по историја” врз основа на бројната искористена светска литература од најнов датум по проблемите на теоријата и методологијата на историското истражување, укажува дека македонската историографија, ако се изземе веќе познатиот факт дека беше под силно влијание на државата и идеологијата, во својот развој главно ги повтори грешките на раната балканска историографска школа која уште тогаш отстапувала од светските стандарди. Таа пред сè, освен минималната застапеност на теоријата на макрсизмот како сфаќање за историјата и општествените процеси, сосема природно за даденото време, робуваше на фактите, или поедноставно речено имавме фактографска историја.

Неможејќи со постојните теоретски пристапи да даде одтовор на бројни прашања, историографијата се бранеше со спецификите на македонската историја. Ако тоа донекаде може да се оправда за делата објавувани пред 1990 година таквиот пристап во понатамошните истражувања не смее да продолжи.

Историчарот во анализата на одредени процеси и настани мора да ги користи помошните историски дисциплини како филозофија, социологија, атропологија и др., истите е должен да ги компарира со светските достигнувања или поедноставно кажано македонската историографија, или ќе го следи светскиот пристап на истражувањето вклопувајќи се во него, или ќе остане на маргините.

Д-р Зоран Тодоровси во својот реферат “Најновите архивски истражувања и нивната примена во македонската историографија” критички се осврнува на македонската петдецениска историографија која била под влијание на идеолошко-политичкиот чадор, било поради сопствените грешки, направи серозни пропусти и остави или едностранчиво

црно-бело толкување на одредени историски процеси, projави и личности, или пак поради истите причини за редица прашања, за кои постоел разновиден изворен материјал, не се произнесе. Историската наука е исправена пред неминовноста за ревидирање на одредени ставовои, независно колку е тоа болно, како од новите општествени околности, така и врз основа на новите документи кои кажуваат нешто друго, и од друга страна потребата за историска мисла во нив.

Во рефератот на “Македонската историографија и светските методолошки историски школи, д-р Тодор Чепреганов со право истакнува, дека и македонската историографија во својот педесетгодишен развој помина низ трњето на идеолошкото толкување на историјата и нејзиното скоро целосна потчинетост на потребите на власта, односно на даденото време. Со промената на општествено-политичките состојби од деведесеттите години се отвараат можности за слободно критичко толкување на нашето подалечно и поблиско минато, без никакви стеги, а во согласност со потребите на објективизација на историјата, односно обединување на утврдените историски факти од различен карактер и сеопфатно толкување на историските процеси во дадените услови, без претензија дека согледаните заклучоци за историски процеси, настани и личности врз основа на одредени документи се непроменливи и се дадени еднаш за секогаш. Толкувањето на одредени процеси во историјата како и многу други науки подлежи на постојано преиспитување и поинакво гледање врз основа на новите сознанија.

Во рефератот “Идеите за историја на движењето “Анали” Ирена Стефкова се задржува на претставувањето на идеите за историјата на Анал школата, како еден од начините за разнолично проучување на историјата и историските процеси во пошироки рамки.

Како што сме дел од светскиот демократски тренд и како што се залагаме за интеграција во европските политичко-економски и културни вредности, така треба да се залагаме и за прилагодување на нашата историографија и наставата по историја кон европските и светските стандари.

Искуството од романтичарските македонски историчари и културолози од XIX и четириесетте години од XX век, а особено на драгоцените постигања на македонските историчари последните педесет години, како и светските искуства налагаат македонската историска наука смело да се нурне во научниот предизвик на прагот на 21 век, за да не остане на маргините на векот што изминува.

Беа проследени и рефератите на: д-р Виолета Ачковска “Некои методолошки особености во проучувањето на најновата историја” и д-р Ѓорѓи Малковски “Поновите проучувања во македонската историографија 1944-1945”, м-р Ѓорѓи Чакарјаневски “Државно правните димензии на Главниот штаб во македонската историографија”, м-р

Катерина Наумовска "Албанци или Шиптари во македонската историографија и наставата по историја", д-р Милка Здравева "Радовишката каза низ документите од времето на турското владеење".

Во понатамошниот тек од работата на Собирот следуваше дискусија по однос на поднесените реферати од Втората сесија, се разви мошне обемна и конкретна дискусија по изнесените реферати.

Третта сесија започна со работа на 8 јуни 1996 година и се одвиваше по однапред утврден редослед на рефератите, кои се однесуваа на "Актуелните проблеми на наставата по историја".

Во продолжение со свои реферати настапија: Јосиф Милчевски со рефератот "Актуелните состојби и проблеми во учебниците по историја во основно и средно образование" и Наум Димоски со рефератот "Некои суштински проблеми во наставата по историја во Република Македонија зависни од историската наука", д-р Маргарита Пешевска со рефератот под наслов "Наставата по историја и промените во меѓународните односи", д-р Катерина Јосифова со рефератот "Улогата на наставникот во негувањето на роднокрајната историја", м-р Ванчо Ѓорѓиев со рефератот "МРО во учебниците по историја за основно и средно образование", м-р Никола Савев со рефератот "Наставата по историја, надзорот и нивно квалитетно издигнување", Стојан Арсиќ со рефератот "Проблеми во реализацијата на наставата кај различни категории на деца по предметот Историја", Благоја Димулковски со рефератот "Застапеноста на историските личности во учбникот за седмо одделение од националнореволуционерниот период", Јордан Илиоски настапи со рефератот под наслов "Осврт на современата методика за наставата по историја" а го проследи и корефератот на Мирослав Бошковиќ и Јордан Илиоски под наслов "Местото на предметот историја во основното и средното образование", Славјанка Петровска со рефератот под наслов "Музејските поставки во функција на наставата по Историја", д-р Нада Јурукова настапи со рефератот "Некои проблеми и аспекти во развојот на образованието и воспитанието кај народностите во Македонија во првите години по Втората светска војна".

Проблемите во наставата по историја во образовниот систем во Македонија не случајно беше поставено на научниот собир "Актуелните проблеми во Македонската историографија и наставата по историја", за тоа постојат повеќе причини, како пошироки светски, така и наши национални.

На научниот собир на историчарите што се одржа во Радовиш имаше предупредување дека на историјата треба да ѝ се обезбеди соодветно место во наставата, зошто постои опасна тенденција: со новиот предлог "Концептот за средно образование" застапеноста на историјата во наставата да се намали, да се исфрли или да се стави на маргините.

Местото и улогата на наставата по историја, во нашиот образовен систем, предизвика бурна расправа во Радовиш. Позицијата на историјата во новиот "Концепт за средно образование" очигледно не задоволува, а сегашните тенденци укажуваат на постојано влошување на таа позиција. Технолошкиот прогрес сè повеќе ги потиснува историските дисциплини под изговор на борба против историцизмот, особено во наставата. Современиот човек, а особено интелектуалецот, по завршување на школувањето, чувствува сè поголема потреба за историски знаења, односно тоа го чувствува како празнина во своето образование. Поради тоа јасно ни е дека историјата има своја специфична општествена функција во современото општество, а особено во нашето. За ова доста добро и посебно е пишувано кај нас и е расправано на поранешни стручни собири на историчарите.

Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македоија, посветува нужно внимание на проблематиката од наставата по историја во сите нејзини аспекти. Сегашниов реформен миг бара за овие важни прашања да расправаат највисоки стручни и научни институции (МАНУ, ИНИ, Иститутот за историја при Филозофскиот факултет и др.).

Со новата реформа на образованието исчезнуваат или се распаѓаат контурите на стариот образовен систем, се изградува нешто ново, така е и со предметот Историја како наставна дисциплина. Предмет кој секогаш бил фундаментална дисциплина на општото и националното оразование и воспитание, постепено сè повеќе ја губи својата позиција, така што денес се наоѓа во еден вид дефанзива во предлог "Концепцијата за средното образование".

Не е тајна дека историчарите не се задоволни со положбата на својот предмет и дека имаат чувство како тој да се потиснува. Поради тоа, наша задача е критички и самокритички да ја согледаме нашата позиција и со свои стручно фудирани и аргументирани пристапи да го дадеме својот прилог.

Како што стојат сега работите, а оваа треба посебно да се истакне и подвлече, најкомплетна настава по историја се наоѓа во Основното училиште. На оваа општообразовна целина, програмски логично ѝ припаѓа и следното ниво на образование, па би требало да му се приклучат и првите две години на средното образование, каде што наставата по историја треба да се предвиди со околу 70 часа годишно, односно 140 часа за две години, со тоа да се стави во општообразовно задолжително јадро.

Беше свртено вниманието на една друга нелогичност, а тоа е недоволната усогласеност на програмските содржини меѓу сродните наставни предмети. Неусогласеноста доведува до економски нерационално и педагошки неоправдано повторување на една иста материја, особено историската во различни предметни програми.

Ова води кон тоа историските содржини во наставата по историја да ги толкуваат наставници без историско образование и без историски пристап.

Намерата нѝ беше да укажеме на широчината на проблематиката на наставата по историја во целина на образованието, а во врска со тоа да укажеме на потребата да се поведе поширок разговор и да се изнесат искуствата, сугестиите и предлозите, за да можеме да дојдеме до некои единствени ставови. На собирот во Радовиш беа изработени и усвоени заклучоци за подобрување на наставата по историја, и за одржување на постоечкиот фонд на часови.

Усвоените заклучоци зад кои ќе стоиме како сојуз на Друштвата на историчарите на Македонија, би биле основа за нашето дејствување во соодветните тела на системот, а воедно и наш придонес во преобразбата на образованието. Во тој склоп би бил и прилог за подобрување на положбата на наставата по историја како една од клучните дисциплини на целокупното образование.

Јордан ИЛИОСКИ

## ГЛАСНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ГОДИНА 39, БРОЈ 1-2, СКОПЈЕ 1995 ГОДИНА

Во последното издание на ова списание се поместени девет научни статии на разни автори од областа на македонската национална историја.

Стојан Киселиновски во статијата "Етничките промени во Македонија од антиката до денес" (стр. 7-15) дава интересен приказ на етничките промени и миграционите движења на територијата на етничка Македонија од античко време до денес, при што овој временски период го дели на три периоди. Врз основа на неговите анализи, Киселиновски, констатира дека само 46% од етничката територија на Македонија го задржала македонскиот етничко историски карактер. Во својата статија тој направил и осврт на етничките и миграционите движења во денешна Република Македонија, при што добро забележал дека територијата на Република Македонија сè повеќе го губи македонскиот етнички карак-